Врз основа на 37 ст.6 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 82/2018), чл.42 ст.2 од Статутот на Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола, чл.22 од Статутот на Економски факултет-Прилеп и Одлуката на Деканот на Економски факултет-Прилеп бр. 02-495/1 од 24.08.2020 година, деканот на Економски факултет– Прилеп, распишува,

# О Г Л А С

за пријавување на кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание

Се распишува Оглас за избор на:

***6 (шест) кандидати за членови на Факултетското студентско собрание и за претседател на Факултетското студентско собрание на Економски факултет-Прилеп***

**Услови:** Право да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои што се запишани на студии во академската 2019/2020 година. Право да бидат избрани за претседател на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот од редот на редовните студенти на Факултетот, кои што се запишани на студии во учебната година во која се избира претседателот. Претседателот на Факултетското студентско собрание е член на Факултетското студентско собрание по функција. Едно лице има право да конкурира само за една од наведените позиции.

Како доказ за статусот студент кандидатите доставуваат потврда за студент издадена од службата за студентски прашања на Факултетот, издадена по објавувањето на овој оглас.

Кандидатите за претседател на Факултетското студентско собрание доставуваат и програма за работа.

Изборната комисија утврдува дали пријавените кандидати по објавениот оглас ги исполнуваат условите и врз основа на тоа ги изготвува избирачките ливчиња и останатиот избирачки материјал. Листата на кандидати се објавува на web страната на факултетот, по азбучен редослед на презимињата на кандидатите.

Изборот на членовите и претседател на Факултетското студентско собрание се спроведува преку тајно и непосредно гласање од студентите на факултетот кое ќе се одржи на ден 24.09.2020 година од 09:00 до 13:00 часот во просториите на факултетот.

Мандатот на членовите на Факултетското студентско собрание трае една година со право на уште еден избор.

Мандатот на претседателот е една година, со право на уште еден избор.

Огласот трае 7 дена од објавувањето и се објавува на огласната табла и веб страната на Факултетот.

Кандидатите поднесуваат: пријава со назнака дали се однесува за член на факултетско студентско собрание или за претседател на Факултетско студентско собрание, кратка биографија, потврда за студент издадена од службата за студентски прашања на Факултетот, издадена по објавувањето на овој оглас, а кандидатите за претседател доставуваат и програма за работа.

Пријавите се доставуваат до Економски факултет–Прилеп, по пошта на адреса ул.”Прилепски бранители” бр.143 или лично во архивата на факултетот до Изборната комисија за спроведување на изборите, најдоцна до 31.08.2020 година.

Објавено на: 24.08.2020 година

Економски факултет – Прилеп
Декан
проф.д-р Драгица Оџаклиеска